ДОЧЕК НА НОВАТА 2027 ГОДИНА

СОЛУН-ПАРАЛИЈА-ВОДЕН

КАТЕРИНИ-ЛИТОХОРО-МАНАСТИР СВ ДИОНИСИЈ

-НОВОГОДИШЕН ШОПИНГ-

1 ден: 31.12.2026 год. Поаѓање за Солун од Скопје на паркингот кај СЦ "Борис Трајковски" во 05.00 часот со туристички автобус. Пристигнување во **Солун** во предпладневните часови, следува панорамско разгледување на градот со посета на Виа Игнација, црквата Св. Димитрија, Римскиот форум, Белата Кула...Слободно време за индивидуални прошетки и шопинг по познатите улици **Via Egnatia и Tsimitski** (можност да се искористат новогодишните попусти). Попладне поаѓање за **Паралија**. Пристигнување и сместување во хотел. Слободно време за индивидуални прошетки. Вечерта организирана **факултативна свечена Новогодишна вечера** во таверна со уметничка програма на грчки песни и танци и со специјалитети на грчката кујна. **Дочек на Новата 2027 година. Ноќевање.**

2 ден: 01.01.2027 год. Појадок. После појадокот заминување на факултативен излет до **Литохоро и Катерини**. Посета и разгледување на новиот манастир Св. Дионисиј и местото Литохоро под падините на планината Олимп. Се продолжува за Катерини - живописен град на областа Пиерија и е познат на нашите туристи кои летуваат на брегот на Олимписката ривиера. Богатите зелени површини, паркови, фонтани и водопади му даваат посебен шарм на ова интересно место во подножјето на митската планина Олимп. Слободно време за индивидуални прошетки. Враќање во Паралија**.. Ноќевање.**

3 ден: 02.01.2027 год. Појадок. По појадокот заминување за **Воден** и посета на водопадите. Воден или Едеса во превод би значело „Кула на вода" е веројатно единствениот град на свет каде водопадите се многу блиску до центарот на градот. Ги има седум, а главна атракција е најголемиот Каранос, висок 70 метри именуван во чест на првиот антички македонски крал. Слободно време за прошетка по прекрасните патеки исполнети со зеленило и вода. Попладне заминување за Македонија со посета на freeshop Богородица. Пристигнување во Скопје во вечерните часови.



ЦЕНА: 135 евра (8.350 денари)



Во цената се пресметани следните услуги:

- ✓ Превоз со туристички автобус на дадената релација;
- ✓ Сместување во хотел 3* во Паралиа на база две ноќевања со појадок;
- ✓ Разгледување и шопинг во Солун;
- ✓ Посета на водопадите во Воден;
- ✓ Организација и пратител на патувањето

Во цената не се пресметани следните услуги:

- Факултативен излет до Литохоро и Катерини -5 евра; (минимум 30 лица пријавени за реализација)
- Новогодишна вечера во таверна;
- Влезници за посетите;
- Патничко осигурување (задолжително)

НАПОМЕНА: За реализација на аранжманот потребни се минимум 40 патници. За секое лице потребен е поединечен биометриски пасош; Цените се дадени во евра а плаќањето е во денарска

противвредност на еврото по курс 61.8 денари. За овој аранжман важат општите услови за патување на Т.А. Терра Травел Скај.